# THE QUALITY OF THE LESSON PLANNING IN PRIMARY SCHOOLS IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

**Aferdita Ilazi Hoxha**
University of Tetovo, Republic of North Macedonia, aferdita.ilazi@unite.edu.mk

**Abstract:** The educational learning process is equally important and complex. Planning is one of the most important stages of the realization of the lesson, which implies that if the planning is not qualitative, then the other stages of the realization of the lesson will not be satisfactory and the desired effectiveness and also the required efficiency of the lesson will not be achieved. The teacher as the main organizer and implementer of teaching, with his approach and correct attitude, as well as with his pedagogical and scientific preparation, except for the duty of planning the lesson, he must at the same time measure the quality of his planning. We see the teacher in contemporary teaching from different perspectives: the teacher as a researcher, organizer, implementer, leader, motivator and as a collaborator with students in interactive teaching. This research is aimed at analyzing the quality of the lesson planning by subject teachers in primary schools in the Republic of Northern Macedonia. The main goal of this research is to prove when teachers analyze the quality of the lesson planning, i.e. to see the difference in the time when male teachers analyze the quality of planning of their lesson compared to female teachers. Based on these goals, the following research methods will be used: analysis, synthesis, induction, deduction, comparative method and statistical method. A survey was used as a research technique, and a questionnaire was used as a research instrument, which surveys subject teachers in primary schools from different places of the Republic of Northern Macedonia. The survey was conducted online through the Google Forms application. With this research we have obtained data on when teachers perform an analysis of the quality of planning of the lesson. The question that was asked to the teachers is: "I do an analysis of the quality of the planning of the lesson:", and the possible answers are arranged in six categories: a. At the end of each lesson; b. At the end of the working day; c. Once a week; d. Once a month; e. At the end of each semester; f. Once a year. Teachers had the opportunity to choose multiple categories of answers, depending on their planning analysis. The collected results indicated the conclusion that the majority of male teachers analyze the quality of planning of the lesson at the end of each lesson, and on the other hand the majority of female teachers analyze the quality of planning of the lesson at the end of the working day. Our conclusion is that all subject teachers in the primary schools in the Republic of Northern Macedonia make their own analysis of the quality of the planning of their lesson, but they do it at different times.
**Keywords:** Planning, teacher, subject teachers, quality of planning, modern teaching.

# КВАЛИТЕТОТ НА ПЛАНИРАЊЕТО НА НАСТАВАТА ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Афердита Иљази Хоџа**
Универзитет во Тетово, Република Северна Македонија, aferdita.ilazi@unite.edu.mk

**Резиме:** Наставно – образовниот процес е подеднакво значаен и сложен. Планирањето е една од најзначајните етапи на реализацијата на наставниот час, што подразбира дека ако планирањето не е квалитетно, тогаш и останатите етапи на реализацијата на наставниот час нема да бидат задоволителни и нема да се постигне посакуваниот ефективитет и ефикаситет на наставниот час. Наставникот како главен организатор и реализатор на наставата, со неговиот пристап и коректен однос, како и со неговата педагошка и научна подготовка, освен што треба да врши планирање на наставниот час, тој во исто време мора и да го мери квалитетот на планирањето на наставата. Наставникот во современата настава го гледаме од различни гледишта: наставникот како истражувач, организатор, реализатор, водач, мотиватор и како соработник со учениците во интерактивната настава. Ова истражување е насочена кон анализата на квалитетот на планирањето на наставата во основните училишта во Република Северна Македонија. Главна цел на ова истражување е да се докажува кога наставниците вршат анализа на квалитетот на планирањето на наставата, односно да се воочи разликата во времето кога наставниците од машкиот пол вршат анализа на квалитетот на планирањето во споредба со наставниците од женскиот пол. Врз основа на овие цели ќе се употребуваат следниве методи на истражување: анализа, синтеза, индукција, дедукција, компаративна метода како и статистичка метода. Како техника за истражување е употребена анкета, а како инструмент на истражување прашалник, кој анкетира наставници од предметна настава во основните училишта од различни места во

Република Северна Македонија. Анкетирањето е реализирано онлајн преку Google Forms апликацијата. Со ова истражување сме добиле податоци за тоа кога наставниците вршат анализа на квалитетот на планирање на наставниот час. Прашањето кое им беше поставено на наставниците гласи: „Анализа на квалитетот на планирањето на наставата правам:", а можните одговори се наредени во шест категории: а. На крајот на секој час; б. На крајот на работниот ден; в. Еднаш неделно; г. Еднаш месечно; д. На крајот на секое полугодие; ѓ. Еднаш годишно. Наставниците имале можност да одберат повеќе категории на одговори, во зависност од нивната анализа на планирањето. Прибираните резултати не посочиле кон констатацијата дека поголемиот број од наставниците од машкиот пол, анализа на квалитетот на планирањето на наставниот час вршат на крајот на секој час, а од друга страна поголемиот број од наставниците од женскиот пол, анализа на квалитетот на планирањето на наставниот час вршат на крајот на работниот ден. Нашиот заклучок е дека сите наставници од предметната настава во основните училишта во Република Северна Македонија прават анализа на квалитетот на планирањето на наставата, но тоа го прават во различно време.

**Клучни зборови:** Планирање, наставник, предметни наставници, квалитет на планирањето, современа настава.

## 1. ВОВЕД

Без сомнение, најважната личност во процесот на реализација на курикулумот е наставникот. Со нивните знаења, искуства и компетенции, наставниците се централни за секој напор за развој на курикулумот. Подобрите наставници поддржуваат подобро учење бидејќи тие се најпознати за практиката на настава и се одговорни за воведување на курикулумот во училницата.[21] Поучувањето е значаен и многу сложен процес, бидејќи покрај стручната подготовка на наставникот, неговото квалификување, значајно е и планирањето на реализацијата на наставата. Крис Кириаку (Chris Kyriacou), кажува дека: „со текот на годините станувам се повеќе и повеќе убеден дека клучот за да се биде успешен наставник, како во однос на квалитетот на учењето што го промовирате, така и во смисла на одржување на сопственото ментално здравје и ентузијазам за работата што ја работите, е да посветите доволно време на планирањето".[22] Независно од нивото на образование, одделението и наставниот предмет, планирањето е задолжително за да се има поефективно и современо поучување. Главен носител и реализатор на процесот на планирање е наставникот, кој за секој наставен час и за секој наставен предмет планира активности кои ќе му бидат од голема помош при што е можно поефективна реализација на наставната содржина. Наставниците при планирање на наставата, треба да се фокусираат на следново: 1. Како темата се одразува во наставниот план/курикулумот и која бара повеќе внимание?; 2. Прегледување на дополнителна литература за предметот што треба да се изучува; 3. Наведување на задачите со кои се соочува лекцијата. На крајот на часот, ученикот треба да може да одговори на следното прашање: „Што постигнав?; 4. Однапред приспособување на програмскиот материјал на реалното ниво на учениците.; 5. Развивање на врската помеѓу нивоата на учениците, целта на часот, системот на достапните алатки и можностите на наставникот.[23] Исто така наставникот има за цел и мерење на квалитетот на планирањето на наставниот час, нешто што го приметува преку активноста на учениците во наставата, нивната интеракција, мотивацијата на учениците за учење и преку поттикнувањето и вложениот труд за постигнување на поголеми резултати за еден наставен час.

За да имаме појасна слика околу квалитетот на планирање на наставата, е спроведено ова истражување, пришто се проверени следниве хипотези: Главната хипотеза - Х, која гласи: **Предметните наставници во основните училишта во Република Северна Македонија прават анализа на квалитетот на планирањето на наставата**, како и две помошни хипотези: Х1 – **Предметните наставници вршат анализа на квалитетот на планирањето на наставата во различно време**; Х2 – **Нема значајна разлика во анализата на квалитетот на планирање на наставата кај наставниците од различни полови во основните училишта во Република Северна Македонија.**

[21] Rani, S. (2019). Role of Teacher as Curriculum Maker. Sirsa, Haryana: Journal of Emerging Technologies and Innovative Research (JETIR) www.jetir.org.

[22] Kyriacou, C. (2019). Why is planning so important for effective teaching? Oxford: Oxford University Press. https://educationblog.oup.com/secondary/english/why-is-planning-so-important-for-effective-teaching.

[23] Javad Gizi, A. N. (2021). Guıdelınes for lesson plannıng, specıfıcatıon of tasks and a place for the development of the student's personalıty. Revista Universidad y Sociedad, 13(3), 50-55.

## 2. МАТЕРИЈАЛИ И МЕТОДИ

За проверка на анализата на квалитетот на планирањето на наставата од страна на наставниците, беа анкетирани предметните наставници од основните училишта во Република Северна Македонија. Анкетата беше реализирана преку Google Forms апликацијата и беше испратена преку емаил во неколку основни училишта. На анкетата одговориле вкупно 95 предметни наставници, од кои 40 наставници од машкиот пол и 55 наставници од женскиот пол. Прашањето кое им беше поставено на наставниците гласи: „Анализа на квалитетот на планирањето на наставата правам:“, а можните одговори се наредени во шест категории: а. На крајот на секој час; б. На крајот на работниот ден; в. Еднаш неделно; г. Еднаш месечно; д. На крајот на секое полугодие; ѓ. Еднаш годишно. Наставниците имале можност да одберат повеќе категории на одговори, во зависност од нивното вршење на анализата на планирањето.

Во ова истражување се употребени следниве методи на истражување: анализа, синтеза, индукција, дедукција, компаративна метода како и статистичка метода. Анализата, обработката и интерпретацијата на податоците се реализирани во excel, се прикажани со табела и графикон, во кои се претставуваат резултатите во следниве статистички параметри: фреквенции, процент, аритметичка средина, стандардна девијација, како и т-тестот – за значајноста на разликата во анализата на планирањето во зависност од полот.

## 3. РЕЗУЛТАТИ

Обработката на прибираните податоци, сме ги прикажале во табела бр.1 и графикон бр.1.
Појаснување на кратенките и симболите кои се употребени во табелата:
$f$ – фреквенции (број на испитаници);
% - процент на испитаници по држава;
$\bar{x}$ - аритметичка средина;
$\sigma$ – стандардна девијација;
t – t-тест;

Проверка на Главната хипотеза - Х - **Предметните наставници во основните учулишта во Република Северна Македонија прават анализа на квалитетот на планирањето на наставата.** За проверка на главната хипотеза, прво сме ги провериле помошните хипотези: Х1 и Х2.

Проверка на Х1 - **Предметните наставници вршат анализа на квалитетот на планирањето на наставата во различно време**

Од табелата бр.1 може да се примети дека предметните наставници од машкиот пол од основните училишта во Република Северна Македонија ни ги дале следниве одговори. Од вкупниот број на испитаници, односно предметни наставници мажи (40), најмногу (21), односно 53% ни одговориле за категоријата **а - На крајот на секој час.** За категоријата **б - На крајот на работниот ден,** ни одговориле 18 наставници мажи, односно 45%. За категоријата **в - Еднаш неделно,** ни одговориле 17 наставници, односно 43%. Најмалку одговори од страна на предметните наставници од машкиот пол сме добиле за категоријата **г - Еднаш месечно,** каде ни одговориле 11 наставници, односно 28%, за категоријата **д - На крајот на секое полугодие,** каде ни одговориле 9 наставници, односно 23% и за категоријата - **ѓ - Еднаш годишно,** каде ни одговориле само 2 наставници, односно 5%.

Од табелата бр.1 може да се примети дека предметните наставници од женскиот пол од основните училишта во Република Северна Македонија ни ги дале следниве одговори. Од вкупниот број на испитаници, односно предметни наставници жени (55), најмногу (22), односно 40% ни одговориле за категоријата **б - На крајот на работниот ден.**

***Табела бр.1 – Предметни наставници кои вршат анализа на квалитетот на планирањето на наставата во основните училишта во Република Северна Македонија***

| Предметни наставници од основните училишта во Република Северна Македонија | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на испитаници | Пол | | Категории | | | | | |
| | | | а | б | в | г | д | ѓ |
| 40 | Машки | *f* | 21 | 18 | 17 | 11 | 9 | 2 |
| | | % | 53% | 45% | 43% | 28% | 23% | 5% |
| | | $\bar{x}$ | 13.00 | | | | | |
| | | σ | 7.01 | | | | | |
| 55 | Женски | *f* | 17 | 22 | 19 | 16 | 20 | 4 |
| | | % | 31% | 40% | 35% | 29% | 36% | 7% |
| | | $\bar{x}$ | 16.33 | | | | | |
| | | σ | 6.41 | | | | | |
| 95 | Вкупно | t | 0.41 | | | | | |

***Графикон бр.1 – Предметни наставници кои вршат анализа на квалитетот на планирањето на наставата во основните училишта во Република Северна Македонија***




За категоријата **а - На крајот на секој час,** ни одговориле 17 наставници жени, односно 31%. За категоријата **в - Еднаш неделно,** ни одговориле 19 наставници, односно 35%. За категоријата **г - Еднаш месечно,** ни одговориле 16 наставници, односно 29% а за категоријата **д - На крајот на секое полугодие,** ни одговориле 20 наставници, односно 36%. Најмалку одговори од страна на предметните наставници од женскиот пол сме добиле за категоријата **ѓ - Еднаш годишно,** каде ни одговориле само 4 наставници, односно 7%.

Според резултатите од табела бр.1 и графикон бр.1 можеме да констатираме дека предметните наставници од основните училишта во Република Северна Македонија вршат анализа на квалитетот на планирањето на наставата, но тоа го прават во различно време.

Следствено на ова, и хипотезата Х1, која гласи: **„Предметните наставници вршат анализа на квалитетот на планирањето на наставата во различно време“ –** се потврдува.

Проверка на Х2 – **Нема значајна разлика во анализата на квалитетот на планирање на наставата кај наставниците од различни полови во основните училишта во Република Северна Македонија.**

Од табелата може да се види дека вредностите на аритметичките средини од различните полови немаат голема разлика (наставници од машкиот пол – 13.00; наставници од женскиот пол – 16.33) меѓу себе. Истото

може да се каже и за вредностите на стандардната девијација за различните полови посебно (наставници од машкиот пол – 7.01; наставници од женскиот пол – 6.41).

За значајноста на разликата во анализата на квалитетот на планирањето во зависност од полот, употребен е т-тестот, кој во овој случај има вредност од 0.41, што ни покажува дека нема значајна разлика помеѓу наставниците од машкиот пол за разлика од наставниците од женскиот пол при вршење на анализа за квалитетот на планирањето на наставата во основните училишта во Република Северна Македонија.

Следствено на ова, и хипотезата X2, која гласи: **„Нема значајна разлика во анализата на квалитетот на планирање на наставата кај наставниците од различни полови во основните училишта во Република Северна Македонија" –** се потврдува.

Бидејќи во истражувањето се потврдија двете помошни хипотези, констатираме дека нашата главна хипотеза, која гласи: **„Предметните наставници во основните учулишта во Република Северна Македонија прават анализа на квалитетот на планирањето на наставата" –** се прифаќа**.**

## 4. ЗАКЛУЧОЦИ

Нашите заклучоци за анализата на квалитетот на планирањето на наставата од страна на предметните наставници од основните училишта во Република Северна Македонија, можеме да ги заокружиме во следниов параграф: Предметните наставници од основните училишта во Република Северна Македонија вршат анализа на квалитетот на планирањето на наставата, но тоа го вршат во различно време. Наставниците од машкиот пол повеќе вршат анализа на крајот на секој час, додека наставниците од женскиот пол, тоа го вршат на крајот на работниот ден.

## 5. ПРЕПОРАКИ

Главна и најзначајна препорака за сите оние институции и релевантни субјекти кои се занимаваат со образование, односно со составување и организирање на курикулумот за основните училишта во Република Северна Македонија е, да во делот на планирање на наставата повеќе внимание да се посвети кон подигнување на нивото на анализата на квалитетот на планирањето на наставата, бидејќи со добро и успешно планирање, имаме поефективна и поефикасна реализација на курикулумот, а со тоа и современа и конкурентна настава, односно образование.

## ЛИТЕРАТУРА

Kyriacou, C. (2019). Why is planning so important for effective teaching? Oxford: Oxford University Press. https://educationblog.oup.com/secondary/english/why-is-planning-so-important-for-effective-teaching.

Javad Gizi, A. N. (2021). Guıdelınes for lesson plannıng, specıfıcatıon of tasks and a place for the development of the student's personalıty. Revista Universidad y Sociedad, 13(3), 50-55.

Munna, S. A., & Kalam, A. (2021). Teaching and learning process to enhance teaching effectiveness: a literature review. International Journal of Humanities and Innovation (IJHI) Vol. 4 No. 1. 2021.

Neziri, M. (2018). Kurrikula mësimore dhe të menduarit kritik. Prishtinë: ROZAFA.

Peck, R., Olsen, C., & Devore, J. (2008). Introduction to Statistics and Data Analysis - Third Edition. Belmont, CA: Thomson Brooks/Cole.

Rani, S. (2019). Role of Teacher as Curriculum Maker. Sirsa, Haryana: Journal of Emerging Technologies and Innovative Research (JETIR) www.jetir.org.

Twining, P. & others (2020). Developing a quality curriculum in a technological era. Association for Educational Communications and Technology.

Илиев, Д. (2006). АКЦИОНИ ИСТРАЖУВАЊА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО (Креирање и водење одржливи промени во воспитно-образовниот процес). Битола: А.Д. Печатница "Киро Дандаро".

Кремин, Т. & Џејмс, А. (2017). Изведување на одделенска настава. Скопје: Арс Ламина.